МОСТ
Граѓанска Асоцијација

# ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

## ДОМАШНО НАБЉУДУВАЊЕ НА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2011

јули 2011

Овој извештај е подготвен во рамките на проектот "Домашно набљудување на Предвремените парламентарни избори 2011", реализиран од страна на Граѓанска асоцијација **МОСТ**, со поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка, несебична поддршка од американскиот народ преку **УСАИД**, Амбасадата на Кралството Холандија, Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Амбасадата на Сојузна Република Германија, Националниот фонд за демократија и Амбасадата на Република Чешка.

© Граѓанска асоцијација МОСТ / © Citizen Association MOST / © Asociacioni qytetar MOST

Сите права се задржани. Забрането е користење и репродуцирање на било кој дел од овој Извештај без дозвола од Граѓанска асоцијација **МОСТ**.

## СОДРЖИНА


1. ВОВЕД ВО ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2011 ........ 5

2. ПРОЕКТОТ "ДОМАШНО НАБЉУДУВАЊЕ НА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2011" ........ 6

3. ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ ........ 8

4. ГЕНЕРАЛНА ОЦЕНКА ........ 9

5. ПРАВНА РАМКА ........ 10

6. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ ........ 13

Избирачки список ........ 13

Поднесување на кандидатски листи за пратеници ........ 14

Изборна кампања ........ 14

Гласање на 4-ти јуни 2011 ........ 16

Предвремено гласање во Република Македонија ........ 16

Гласање во странство ........ 16

Изборен ден ........ 17

7. ИЗБОРНА АДМИНИСТРАЦИЈА ........ 19

Државна изборна комисија (ДИК) ........ 19

Општински изборни комисии (ОИК) ........ 20

Избирачки одбори (ИО) ........ 21

8. ЗАШТИТА НА ИЗБИРАЧКИТЕ ПРАВА ........ 22

9. "PVT" ПРОГРАМА ........ 23

Резултати ........ 24

10. ПРЕПОРАКИ ........ 29

Изборна администрација ........ 29

Евиденција на избирачкото право ........ 30

Кандидирање ........ 30

Изборна кампања ........ 30

Финансирање на изборната кампања ........ 30

Спроведување на гласањето ........ 31

Заштита на избирачкото право ........ 31

Гласање во странство ........ 31

11. ХРОНОЛОШКИ ПРЕГЛЕД НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 33

12. ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ ........ 35

АНЕКС 1 ........ 37

Овој извештај ги содржи наодите, оценките и препораките на Граѓанската асоцијација **МОСТ** произлезени од спроведувањето на проектот "Домашно набљудување на Предвремените парламентарни избори 2011".

## *1. ВОВЕД ВО ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2011*

Претседателот на Собранието на Република Македонија ги распиша Предвремените парламентарни избори на 15-ти април 2011 година, откако еден ден претходно Собранието се самораспушти. Со тоа, овие избори претставуваа втори по ред предвремени парламентарни избори во политичката историја на Република Македонија, по претходните во 2008 г.

Изборите се одржаа на 5-ти јуни 2011 година, согласно Изборниот законик од 2006-та, којшто досега е изменет и дополнет во 3 наврати, еднаш во 2008 година[1] и 2 пати во текот на последната година.[2]

Во Избирачкиот список беа запишани 1.821.122 избирачи, односно 29.040 избирачи повеќе во однос на Претседателските и локалните избори одржани во 2009-та година.

За првпат на овие избори, покрај 120-те пратеници кои се избираа согласно пропорционалниот модел, каде што територијата на Република Македонија беше поделена на 6 изборни единици, секоја изборна единица обезбедуваше по 20 мандати распределени според Д'онтовата формула, беа избрани и 3-ца пратеници од странство. Гласањето во странство беше спроведено согласно мнозинскиот изборен модел во еден изборен круг (First Past the Post System - FPPS), при што светот беше поделен на 3 изборни единици- Европа и Африка, Северна и Јужна Америка и Азија и Австралија. За пратеник од изборните единици во странство се избира оној кандидат кој освоил најмногу гласови, под услов тоа да не е помалку од 2% од вкупниот број на пријавени и регистрирани избирачи во соодветната изборна единица.

За 123-те пратенички места во Собранието на Република Македонија, кандидатски листи поднесоа 17 политички партии, 2 коалиции и една група избирачи. Државната изборна комисија (ДИК) ги потврди кандидатските листи на 16 политички партии и 2 коалиции, односно 83 листи со 1660 кандидати за гласањето на територијата на Република Македонија и 19 листи со вкупно 19 кандидати за гласањето во странство.

На овие избори не беше спроведено прегласување на ниту едно од 2976-те избирачки места на територијата на Република Македонија, ниту пак на 36-те избирачки места во странство.

Гласањето на 5-ти јуни го следеа 472 акредитирани меѓународни набљудувачи и 7.351 домашен набљудувач (од кои Граѓанската асоцијација **МОСТ** имаше акредитирано 4.467 граѓани).[3]

Граѓанската асоцијација **МОСТ** за следење на гласањето на Предвремените парламентарни избори 2011 распореди вкупно 3.595 набљудувачи кои покрија околу 76% од вкупниот број на избирачки места.

[1] Сл. весник на Република Македонија бр. 136/08.
[2] Сл. весник на Република Македонија бр. 44/11 и 51/11.
[3] http://www.sec.mk/ppi2011/index.php/en/2011-05-21-10-33-28

## 2. *ПРОЕКТОТ "ДОМАШНО НАБЉУДУВАЊЕ НА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2011"*

Предвремените парламентарни избори 2011 **МОСТ** ги набљудуваше во рамките на проектот "Домашно набљудување на Предвремените парламентарни избори 2011". Целта на проектот беше зголемување на транспарентноста на изборниот процес, преку вклучување на граѓаните во истиот како домашни набљудувачи. За успешно спроведување на проектот активни беа 18 регионални канцеларии на **МОСТ**, односно локални граѓански организации од различни делови на државата. Во овие канцеларии, покрај 32-та координатори, беа ангажирани и 34 волонтери, кои беа задолжени за спроведување на сите активности на терен. Во рамките на проектот беа спроведени следните активности:

**Спроведување на акции за проверка на податоците во Избирачкиот список (ИС) од страна на граѓаните**, чија цел беше да се подигне свеста на граѓаните за важноста од проверката на своите податоци во ИС. Беа спроведени 96 акции на различни локации на целата територија на РМ, при што беа поставени штандови опремени со интернет врска. Во рамките на овие акции вкупно 4.543 граѓани ги проверија своите податоци во Избирачкиот список, преку интернет страната http://izbirackispisok.gov.mk.[4]

**Набљудување на изборната кампања, односно следење и известување за почитувањето на Кодексот за фер избори** и однесувањето на учесниците во кампањата. Како и на претходните изборни процеси, Националниот демократски институт (НДИ) разви Кодекс за фер избори, кој беше потпишан на 12 мај 2011 година од страна на лидерите на 30 политички партии. Во текот на изборната кампања **МОСТ** го набљудуваше однесувањето на учесниците во изборниот процес, почитувањето на Кодексот, законските прописи и реториката и за истото ја известуваше јавноста. Набљудувачите на **МОСТ** проследија вкупно 210 митинзи, јавни собири и настани организирани од учесниците во изборната кампања.

**Активна поддршка на кампањата "Каков белег ќе оставиме"**, имплементирана од НДИ, во соработка со други домашни граѓански организации, а чија цел беше промоција на Кодексот за фер избори. Регионалните координатори на **МОСТ** учествуваа во карванот од локални настани кои беа организирани низ целата држава.

**Регрутирање, тренинг и распоредување на набљудувачи** - За набљудување на изборниот процес, **МОСТ** акредитираше 4.467 граѓани/волонтери. Граѓаните беа повикани преку јавен повик да се пријават за набљудувачи. Сите набљудувачи задолжително присуствуваа на обука која беше спроведена во секоја општина. За набљудување на предвременото гласање и гласањето во странство, како и за гласањето на денот на изборите беа ангажирани вкупно 3.595 набљудувачи, со што беа покриени околу 76% од вкупниот број на избирачки места.

За првпат на овие избори **МОСТ** се соочи со појава на организирано пријавување за набљудувачи на голем број граѓани - членови на одредена политичка партија. **МОСТ** го надмина овој проблем со прифаќање на пријавите од овие граѓани, нивна проверка, одбивање и неакредитирање на истите.

**Набљудување на предвременото гласање и гласањето во странство**, спроведено на 4-ти јуни 2011. 89 набљудувачи на **МОСТ** ја следеа работата на 111 Избирачки одбори (ИО) при што беше набљудувано гласањето на 1.634 болни и немоќни лица. 11 набљудувачи го следеа

[4] Оваа интернет страница, беше реализирана преку заеднички проект помеѓу Граѓанската Асоцијација МОСТ и Министерството за правда во 2006 година, со цел да им се овозможи брз, лесен и ефикасен начин на проверка на податоците на граѓаните во Избирачкиот список.

гласањето во 5 казнено-поправни установи, а 2-ца набљудувачи го набљудуваа гласањето на внатрешно раселените лица.

За набљудувањето на гласањето во 36-те дипломатско–конзуларни претставништва (ДКП) во странство беа ангажирани 20 набљудувачи кои покрија 19 ДКП-а.

**Набљудување на изборниот ден –** Вкупниот број на ангажирани набљудувачи беше 3.507, од нив 2.028 беа статични набљудувачи распоредени на Избирачките места (ИМ) во текот на денот на изборите. Заради сеопфатно следење на процесот на гласање, покрај статичните тимови, составени од двајца набљудувачи, **МОСТ** распореди и 84 мобилни тимови (вкупно 168 набљудувачи). Мобилните тимови ги посетуваа оние места на кои што не беа распоредени статични набљудувачи, а служеа и како логистичка поддршка на истите. Гласањето на одредени гласачки места беше следено од посебни т.н. ротирачки набљудувачи (100) и набљудувачи во рамките на "PVT"[5] програмата (1192), кои се исто така статични. Собирањето на материјалите и сумирањето на резултатите беше предмет на набљудување на 85 набљудувачи во Општинските изборни комисии, а 2-ца набљудувачи ја следеа работата на Државната изборна комисија. Со распоредувањето на сите овие набљудувачи **МОСТ** покри околу 76% од вкупниот број на Избирачки места.

**Набљудување на работата на Државната изборна комисија и Општинските изборни комисии** – седниците на Државната изборна комисија како и на Општинските изборни комисии во текот на целиот процес беа дел од набљудувањето. Исто така, предмет на набљудување беа и обуките спроведени за целата изборна администрација. Покрај тоа, беше набљудуван и процесот на поднесување на приговори и тужби за постапката на гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето.

**Спроведување на "PVT" програма**, чија цел е да даде распределба на гласовите по сумирањето на резултатите, но и да го следи текот на излезноста на гласачите. Во текот на денот **МОСТ** одржа 3 конференции за јавноста на кои ги презентираше резултатите од следењето на излезноста на гласачите. Резултатите и распределбата на мандатите добиени преку оваа програма беа објавени на посебна конференција за јавност, веднаш по обработката на податоците во PVT центарот, 5 часа по затворањето на Избирачките места.

**Донатори на проектот и поддршка**

Проектот беше спроведен со поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка, несебична поддршка од американскиот народ преку УСАИД, Амбасадата на Кралството Холандија, Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Амбасадата на Сојузна Република Германија, Националниот фонд за демократија и Амбасадата на Република Чешка.

Граѓанската асоцијација **МОСТ** изразува благодарност до сите поддржувачи на нејзините активности, посебно до граѓаните кои како волонтери/набљудувачи дадоа свој придонес кон транспарентноста и отвореноста на изборниот процес.

[5] PVT - Parallel Vote Tabulation (Паралелна обработка на податоци)

# 3. ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ

Периодот пред одржувањето на овие Предвремени парламентарни избори беше еден од најтурбулентните во поновата македонска политичка историја. На големиот протестен марш организиран од опозицијата на 5-ти декември 2010 година, лидерот на опозицијата јавно ја повика власта да организира предвремени парламентарни избори во најкус можен рок. На почетокот, власта на овие барања одговараше со став дека времето до редовните парламентарни избори треба да се искористи за спроведување на реформи, а не за избори. Кулминацијата на политичката криза настапи со одлуката на Управата за јавни приходи да спроведе повеќе инспекциски постапки во фирми блиски до сопственикот на А1 телевизија, кои резултираа со замрзнување на нивните сметки, меѓутоа и со блокирање на сметката на А1 телевизија и на уште 3 печатени медиуми. Непосредно по овој настан, во јануари 2011 г., опозицијата со исклучок на ЛДП, објави дека започнува со бојкот на Собранието,[6] се додека не се исполнат 5 барања: деблокирање на сметките на А1 телевизија и останатите медиуми;донесување на закон за рамноправна распределба на средствата за медиумски кампањи за време на избори коишто се финансирани од буџетот; донесување на измените на Изборниот законик со консензус на опозицијата; формирање на собраниска комисија за прочистување на Избирачкиот список на паритетна основа и усвојување на уставни измени со кои ќе се предвиди министерот за правда да не биде член на Судскиот совет.

Власта ги прифати сите овие барања освен барањето за деблокирање на сметките на медиумите. Заложбите на Претседателот на РМ да ги седне лидерите на поголемите политички партии на заедничка маса резултираа со 3 непродуктивни средби. Напори за нормализирање на состојбата вложија и меѓународните претставници, но и нивните обиди не донесоа позитивен резултат.

За време на бојкотот, Собранието донесе 198 закони и измени и дополнувања на закони, меѓу кои и новите измени на Изборниот законик, донесени неколку дена пред распуштањето на Собранието.

Како последица на ваквата политичка состојба Собранието на РМ гласаше за самораспуштање на 14-ти април 2011, а Предвремените парламентарни избори беа распишани на 15-ти април 2011.

[6] ДПА започна порано со бојкот на Собранието, во август 2009 година поради "занемарувањето на националното достоинство на Албанците", а во Собранието се врати непосредно пред неговото распуштање.

# 4. ГЕНЕРАЛНА ОЦЕНКА

Предвремените парламентарни избори 2011 година, беа спроведени во мирна атмосфера, со голема излезност на граѓаните, што придонесе кон подобрување на работата на Избирачките одбори при спроведувањето на процедурата на гласање. Сепак, како и претходните години, на дел од избирачките места беа забележани повеќе видови на изборни нерегуларности.

При акцијата за прочистување на Избирачкиот список, спроведена во 2010 и 2011 година од страна на Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи не беше употребена сеопфатна методологија за ажурирање на ИС, па така сомнежите во точноста на податоците во ИС беа дел од предизборната реторика и во текот на овие избори.

Како и на претходните избори, предвремениот почеток на изборната кампања предизвика дебата во јавноста. Впечатокот дека одредени политички партии продолжија да го заобиколуваат и интерпретираат законот поинаку од духот во кој истиот е напишан, остана карактеристика и на овие избори. ДИК покажа неконзистентност во спроведување на своите законски обврски и за разлика од изборите во 2009-та не постапи согласно истите и не ги казни политичките субјекти кои предвреме ги започнаа своите кампањи.

Изборната кампања беше динамична и под влијание на тензиите помеѓу учесниците во изборите. Забележана беше и интензивна партиска активност и тоа од страна на поголемиот дел од учесниците во процесот. Отсуството на политичка волја за спроведување на изборите во демократска атмосфера кај сите засегнати страни во изборниот процес, придонесе кон голема нетрпеливост и поделеност помеѓу припадниците на спротивставените опции. Како и на минатите избори, така и на овие, се водеше негативна кампања, со употреба на говор на омраза, односно лични навреди, дисквалификации и обвинувања. Генерално, изборната кампања во албанскиот политички блок се одвиваше во порелаксирана атмосфера.

Во периодот пред официјалниот почеток на изборната кампања, како и за време на истата, беа забележани активности со кои се промовираше владината политика и проекти, а беше забележана и употреба на службени возила во изборни цели. Ваквото однесување не е во согласност со членот 5.4 од Документот на ОБСЕ од Копенхаген 1990 со кој е потенцирана заложбата и принципот на одвоеност помеѓу државата и партиите.

Како загрижувачко мора да се истакне објавувањето во јавност на списоци на т.н. "сигурни гласачи" подготвувани од страна на државната и јавната администрација. Сепак, Јавното обвинителство одлучи да не поведе постапка по овој случај.

Гласањето на денот на изборите помина во мирна атмосфера, но сепак беа забележани случаи на семејно и групно гласање, повеќекратно гласање и гласање во име на друг, како и гласање без употреба на УВ ламба и безбоен спреј. Исто така, беа регистрирани случаи на фотографирање на гласачки ливчиња, но вреди да се истакне дека членовите на избирачките одбори реагираа соодветно, забележувајќи ги инцидентите во Дневникот од избирачкото место и/или алармирајќи ја полицијата. Сепак, за разлика од претходните изборни циклуси, на овие избори не беа евидентирани случаи на насилство, користење на огнено оружје или какви било поголеми инциденти.

Гласањето во странство, еден ден пред денот на изборите, исто така помина во мирна атмосфера. Она што може да се забележи е ниското ниво на интерес за гласање, односно само 7.258 државјани на Република Македонија се пријавиле и биле регистрирани за гласање во странство, а од нив 4.088 избирачи го оствариле добиеното право на глас. Овој податок сериозно го става во прашање одбраниот модел за гласање во странство.

# 5. ПРАВНА РАМКА

Правната рамка за изборот на пратеници во Собранието на Република Македонија се состои од уставните одредби кои се однесуваат на избирачкото право и на изборите, како и од Изборниот законик.

Членовите 22 и 23 од Уставот на Република Македонија го гарантираат универзалното избирачко право на граѓанинот, додека членовите 62 и 63 од Изборниот законик го уредуваат составот на Собранието, како и мандатот и начинот на избор на пратениците.

Изборниот законик ги уредува:

- начинот и условите за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија;
- изборната администрација и нејзините надлежности;
- евидентирањето на избирачкото право;
- водењето на Избирачкиот список;
- постапката за кандидирање;
- изборната кампања и финансирањето на изборната кампања;
- постапката за заштита на избирачкото право;
- постапката за поништување и повторување на гласањето;
- изборните единици, постапката за утврдување, менување и објавување на избирачките места, како и условите за функционирање на истите.

Во октомври 2008 година беа донесени измени и дополнувања на Изборниот законик,[7] со кои за првпат се предвиде гласање во странство, но оваа одредба стапи во сила на 1-ви септември 2009 година. Беше променето и времетраењето на мандатот на членовите на Државната изборна комисија (ДИК), од 5 на 4 години. Исто така, направени беа измени во составот на ДИК, со тоа што партиите во опозиција добија право покрај претседател, да предложат и двајца членови на ДИК, а партиите на власт, покрај заменик на претседателот да предложат и тројца членови на ДИК. Овие измени предвидоа и промена на составот на Избирачките одбори (ИО), при што партиите на власт и партиите во опозиција добија право да предложат по еден член и еден заменик во ИО. Исто така, ДИК го презеде водењето на Избирачкиот список (ИС) од Министерството за правда.

И покрај фактот што измените и дополнувањата подобрија одредени сегменти од изборната регулатива, одредени аспекти и одредби од Изборниот законик се уште останаа неконзистентни, нејасни, а други дури и контрадикторни. Поради ова, во текот на 2009 и почетокот на 2010 година, преку 4 работни групи, секоја задолжена за специфичен сегмент од изборниот процес, се изработија амандмани на Изборниот законик за негово подобрување и унапредување.

Како резултат на ова, непосредно пред распишувањето на предвремените парламентарни избори се донесоа нови измени и дополнувања на Изборниот законик,[8] без учество на опозицијата поради бојкотот на Собранието. Донесувањето на изборното законодавство непосредно пред изборите и без учество на опозицијата е спротивно на меѓународните стандарди и препораки за спроведување на изборите.

Согласно овие измени, во Собранието на Република Македонија се избираат 123 пратеници, од кои што 120 пратеници се избираат во РМ, како и досега, а за првпат се избираат 3 пратеници во странство.

[7] Сл. весник на РМ бр. 136/08
[8] Сл. весник на РМ бр. 44/11 и 51/11

Пратениците во РМ се избираат според пропорционалниот изборен модел со затворени листи, при што територијата на РМ е поделена на 6 изборни единици и во секоја изборна единица се избираат по 20 пратеници. Распределбата на мандатите се врши по Д'онтовата формула.

Гласањето во странство е организирано на начин што територијата на светот е поделена на 3 изборни единици, а во секоја од нив се избира по 1 пратеник. Пратениците се избираат според мнозинскиот модел во еден изборен круг (First Past the Post System - FPPS), а за кандидатот да биде избран за пратеник треба да освои најмногу гласови, под услов тоа да е повеќе од 2% од вкупниот број на пријавени и регистрирани избирачи во соодветната изборна единица.

Со овие измени беше променет и составот на изборните единици 5 и 6, односно 21 избирачко место од општините Дебар и Центар Жупа беа префрлени од ИЕ 6 во ИЕ 5, затоа што ИЕ 6 го надминуваше максимално дозволениот број на избирачи по изборна единица, пропишан во Изборниот законик. Имено, бројот на избирачи во една изборна единица може да отстапува до +/- 5% од просечниот број на избирачи по изборна единица.

Беше извршена и промена на финансирањето на изборната кампања, со тоа што правните лица сега имаат право да донираат до 5% од вкупниот остварен приход во претходната година.

Во однос на надоместот на трошоците за избори, новина е тоа што секој организатор на кампања чиј кандидат или листа на кандидати не се избрани, има право на надоместок во висина од 15 денари по добиен глас, под услов кандидатот или листата на кандидати да освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број гласови од излезените граѓани на ниво на Републиката, изборната единица, односно општината.

Овластените претставници на подносителите на кандидатски листи на избирачкото место, т.е. партиските набљудувачи, се задолжени да носат беџ со бројот на избирачкото место за кое се овластени да вршат набљудување.

Изборниот законик дава цврста основа за спроведување на фер и слободни избори, но сепак постојат делови кои се нејасни и недоволно дефинирани. И покрај препораките на Граѓанската асоцијација **МОСТ** и **ОБСЕ/ОДИХР** за измени и дополнувања во насока на подобрување на правната рамка за спроведување на фер и демократски избори, сепак, само еден дел од нив беа прифатени и имплементирани со последните измени и дополнувања на Изборниот законик.

Имено, определени поими се непрецизно дефинирани или, пак, воопшто не се дефинирани, како на пример периодот од распишувањето на изборите до почетокот на изборната кампања и дејствијата кои се дозволени во тој период.

Одредбите за регулирање на финансиските текови на сметките на партиите оставаат можност за понатамошни злоупотреби на финансирањето на изборната кампања. Во оваа насока придонесува и новата одредба со која правните лица имаат право да донираат до 5% од вкупниот годишен приход, што ги става во нееднаква позиција и учесниците во изборите и донаторите на политичките субјекти. Од друга страна, позитивно е тоа што организаторите на изборната кампања имаат обврска да поднесат 3 извештаи за потрошените средства, еден на средина од кампањата, еден 24 часа по завршување на истата и еден финален извештај, 15 дена по завршувањето на кампањата.

Кривичните дела поврзани со изборите се регулирани во Кривичниот законик, кој што исто така беше изменет и дополнет во септември 2009 г.[9] Симптоматично делува тоа што со оваа измена беше избришана одредбата која предвидуваше дека обидот за повреда на слободата на определување на избирачите (член 160) е казнив.

[9] Сл. весник на РМ бр. 114/09

Во однос на воведувањето на гласањето во странство, мора да се истакне дека и покрај препораките на **МОСТ** и **ОБСЕ/ОДИХР** и Кодексот на добри практики на Венецијанската комисија, еднаквоста на правото на глас и еднаквиот пристап до гласачкото место на граѓаните во дијаспората беа сериозно нарушени со предвидениот начин на гласање во странство. Исто така, законот предвиде гласање во две постојани мисии на РМ во меѓународни организации,[10] а истите немаат статус на ДКП-а. Поради тоа, ДИК се соочи со неможност во целост да ја имплементира оваа одредба. Изборниот законик не регулираше каде и кога гласаат избирачките одбори во ДКП, па така на пример се случи 10 члена на ИО во ДКП во Пекинг да го изгубат правото на глас, за да гласаат 8 од 10 државјани на РМ кои се пријавиле за гласање.

[10] Станува збор за постојаната мисија во рамките на Советот на Европа во Стразбур и постојаната мисија при Организацијата на Обединетите Нации во Женева.

# 6. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Од сите сегменти на целокупниот изборен процес, во рамките на овој извештај даден е осврт на оние делови кои беа предмет на набљудување на Граѓанската асоцијација **МОСТ** во рамките на проектот "Домашно набљудување на Предвремените парламентарни избори 2011".

## *Избирачки список*

Според законската регулатива, во септември 2009 година Избирачкиот список од Министерството за правда требаше да премине во надлежност на Државната изборна комисија. Поради пролонгирањето на процесот на предавање на надлежноста помеѓу институциите, трансферот на вработените од подрачните единици на Министерството за правда во ДИК, како и поради инсистирањето на ДИК за добивање на ажуриран и пречистен Избирачки список, во текот на 2010 и почетокот на 2011 година Министерството за правда остана надлежен орган.

Во текот на овој период Министерството за правда, во соработка со Министерството за внатрешни работи, започна акција за прочистување на Избирачкиот список. Најпрво беше спроведена пилот-акција за чистење на Избирачкиот список во две општини,[11] а потоа истата се спроведе на територијата на целата држава.

Сепак, останува фактот дека оваа акција беше спроведена без претходно утврдување на проблемите во ИС, односно сегментите во кои податоците на граѓаните не се точни. Употребената методологија не ги опфати сегментите како што се внатрешната миграција, имиграцијата, како и евиденцијата на граѓаните кои наполниле 18 години, туку се концентрираше само на еден сегмент, односно бришење на починатите лица.

Сомнежите во точноста на податоците во ИС, како и секогаш досега, беа дел од реториката во предизборниот период.

Изборниот законик предвидува ажурирање на Избирачкиот список два пати годишно, во февруари и јули. Во текот на овој изборен процес, согласно Изборниот законик, Избирачкиот список беше ставен на јавен увид на граѓаните и политичките партии во периодот од 25-ти април до 4-ти мај 2011 година.

Според податоците на ДИК,[12] за време на јавниот увид во Избирачкиот список, извршени се вкупно 1.038 промени во Избирачкиот список и тоа: 210 промени на податоци во име, презиме или адреса, 42 запишувања во Избирачкиот список на лица кои не биле запишани, додека 762 лица се избришани.

Битно е да се напомене дека во периодот на јавен увид во Избирачкиот список, а и по завршувањето на истиот, во ИС се најдоа одреден број на малолетни лица. Ваквата состојба покажува аномалија и непочитување на процедурите во процесот на ажурирање на ИС, односно со ажурирањето на ИС треба да се опфатат единствено оние граѓани кои дотогаш наполниле 18 години. Во случај на распишани избори, единствено малолетните лица кои до денот на изборите ќе наполнат 18 години треба да бидат запишани во ИС.

Институциите во овој случај во ИС ги запишаа оние малолетни лица кои требаше да се здобијат со право на глас до 2012 година кога беа и предвидени редовните парламентарни избори. Ваквата состојба предизвика реакции во јавноста, а малолетните лица со кои **МОСТ** контактираше потврдија дека се избришани од ИС.

---

[11] Општините Виница и Гостивар

[12] http://www.sec.mk/ppi2011/media/pregled_izbiracki_spisok_po_podracni_odd_kanc_dik.pdf

### *Поднесување на кандидатски листи за пратеници*

Право да поднесат листа на кандидати за пратеници имаат регистрираните политички партии, самостојно или во коалиција, како и група избирачи. Во случај на поднесување на листа од страна на група избирачи, листата мора да биде поддржана со најмалку 1.000 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список во соодветната изборна единица.

Во рамки на поднесената листа на кандидати за пратеници, на секои три места на листата најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол.

Листата на кандидати се доставува до Државната изборна комисија, најдоцна 30 дена пред денот на одржување на изборите.[13] Државната изборна комисија утврдените единствени листи на кандидати за пратеници во изборните единици треба да ги објави во дневниот печат, од кој еден е на јазикот којшто го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, најдоцна 20 дена пред денот на изборите.

Во законски утврдениот рок (5-ти мај 2011 година до 00:00 часот) до ДИК беа доставени 104 листи на кандидати за Предвремените парламентарни избори 2011 од страна на 20 подносители:

- 1 листа на кандидати од група избирачи;
- 18 листи на кандидати од 2 коалиции;
- 85 листи на кандидати од 17 политички партии.

ДИК ги разгледа листите на кандидати за избор на пратеници со цел да утврди дали истите се поднесени во утврдениот рок и составени согласно одредбите од Изборниот законик.[14] Поради некомплетна документација, со решение беа отфрлени листите поднесени од СДА - Граѓански сојуз и од група избирачи. Во однос на кандидатурата на коалицијата на СДСМ, истата беше потврдена откако претходно, подносителот на листата, во законски утврдениот рок од 48 часа, го отстрани пропустот на кој беше укажано од Државната изборна комисија.

По сите завршени постапки ДИК конечно потврди:

- 18 подносители на листи, од 2 коалиции и 16 партии;
- 102 поднесени листи на кандидати;
- 1660 кандидати за пратеници.

Во однос на изгледот на гласачкото ливче, ДИК за првпат донесе одлука редните броеви на кандидатите/кандидатските листи да бидат исти во сите 9 изборни единици.

### *Изборна кампања*

Според Изборниот законик изборна кампања претставува "јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на организаторот на кампањата, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми". Изборната кампања започнува 20 дена пред денот определен за одржување на изборите, а завршува 24 часа пред денот на изборите.[15]

На 12-ти мај 2011 година, на иницијатива на Националниот демократски институт (НДИ), во соработка со Граѓанската асоцијација **МОСТ**, Институтот за парламентарна демократија,

[13] Изборен законик (Пречистен текст, Сл. весник на РМ бр. 54/11), член 15, став 2: "Предвремени избори за пратеници се спроведуваат во согласност со одредбите на овој законик, а сите рокови за изборните дејствија се скратуваат за пет дена, освен рокот утврден за спроведување на изборната кампања."

[14] Изборен законик (Пречистен текст, Сл. весник на РМ бр. 54/11), член 67, став 1

[15] Изборен законик (Пречистен текст, Сл. весник на РМ бр. 54/11), член 69-а

Македонско женско лоби и Фондација Метаморфозис, претседатели на 30 политички партии, учесници во изборниот процес, потпишаа "Кодекс за фер избори". Со потпишувањето тие се обврзаа дека меѓусебно ќе се почитуваат и во целост ќе се однесуваат согласно одредбите пропишани во Изборниот законик.

Пред официјалниот почеток на изборната кампања, како и за време на истата, беа демолирани повеќе локални партиски штабови, најчесто кај партиите од македонскиот политички блок. Претставниците од меѓународната заедница апелираа да престанат овие активности и да се намали тензијата помеѓу политичките субјекти.

И покрај законските одредби и за овој изборен циклус беше карактеристично предвременото започнување на изборната кампања од страна на определени политички субјекти. Најголем дел од овие активности беа пренесувани од националните медиуми.

Граѓанската асоцијација **МОСТ** во повеќе наврати јавно реагираше на предвременото започнување на изборната кампања и ја повика ДИК да реагира во согласност со своите надлежности. Меѓутоа, ДИК не остана конзистентна во своите напори за санкционирање на учесниците во изборниот процес за предвремено започнување на кампањата.[16]

Во овој контекст, треба да се истакне дека недостасува дефиниција за периодот пред започнување на изборната кампања, односно од денот на распишување на изборите, па се до започнувањето на изборната кампања.

Советот за радиодифузија за прв пат донесе Правилник за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања, а како и досега донесе и Правилник за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања. Советот за радиодифузија дејствуваше во согласност со надлежностите и по претходно предупредување поведе 30 прекршочни постапки против одредени радиодифузери. Прекршочните постапки се однесуваа на дејствија спроведени во периодот пред почетокот на изборната кампања, за време на изборната кампања, како и за непочитување на предизборниот молк. Сепак, моменталните казни не ги спречуваат радиодифузерите свесно да го прекршуваат законот и со тоа да дадат предност на одредена политичка опција.

Според **МОСТ**, повторно беше прекршен членот 78 од Изборниот законик во кој стои дека општините и градот Скопје имаат законска обврска да ги обележат местата каде што подносителите на листи имаат право да истакнуваат плакати без надоместок. Односно, општините и градот Скопје се должни да ги објават условите за добивање право за користење на местата за истакнување изборни плакати, најдоцна 45 дена пред одржувањето на изборите. На прес-конференција **МОСТ** ги повика соодветните државни органи да го санкционираат кршењето на законот и да пропишат парични казни за прекршителите согласно член 184 од Изборниот законик.

И покрај потпишаниот Кодекс за фер избори, вокабуларот употребен од страна на политичките субјекти повторно покажа голема нетрпеливост и поделеност помеѓу припадниците на спротивставените опции, и кај македонскиот, и кај албанскиот политички блок. Како и на минатите избори, така и на овие, се водеше негативна кампања со употреба на говор на омраза, односно лични навреди, дисквалификации и обвинувања. Генерално, изборната кампања се одвиваше во порелаксирана атмосфера кај албанскиот политички блок.

Воглавно, карактеристика и на оваа изборна кампања беше поделената политичка сцена по етничка основа, па клучната изборна трка се водеше за освојување на гласовите од избирачите

[16] Во текот на Претседателските и Локалните избори во 2009 година, врз основа на член 181 од Изборниот законик (Сл. весник на РМ бр.40/06 и 136/08), ДИК поведе постапка против еден политички-субјект и еден независен кандидат за Претседател на РМ за предвремен почеток на изборната кампања.

во рамките на етничките заедници. Сепак, за првпат беше забележано платено политичко рекламирање од страна на партија/коалиција од македонскиот политички блок на албански јазик.

Во периодот пред официјалниот почеток на изборната кампања, како и за време на истата, беа забележани активности со кои се промовираа владината политика и проекти, а беше забележана и употреба на службени возила во изборни цели. Ваквото однесување не е во согласност со членот 5.4 од Документот на ОБСЕ од Копенхаген 1990 со кој е потенцирана заложбата и принципот на одвоеност помеѓу државата и партијата.

Како и на минатите избори, така и за време на оваа изборна кампања имаше злоупотреба на малолетни лица за остварување на политички цели, на различни начини: слики на деца истакнати на пропаганден материјал, присуство на партиски митинзи, дистрибуција на пропаганден материјал и "китење" со партиски симболи. За првпат на овие избори, за добивање на изборни поени беа злоупотребени имињата на децата на двајца политички лидери од опозицијата.

И по оваа изборна кампања остана чувството дека некои од учесниците потрошија големи суми на пари за организирање и спроведување на истата. Одредбите од Изборниот законик дозволуваат секој организатор на кампања да потроши максимум 180 денари по запишан избирач во изборната единица каде што има поднесено кандидатска листа.[17]

## *Гласање на 4-ти јуни 2011*

- ### *Предвремено гласање во Република Македонија*

Предвременото гласање на болните и немоќни лица, лицата кои се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор, како и на внатрешно раселените лица беше спроведено на 4-ти јуни 2011. Според податоците на **МОСТ**, во законски предвидениот рок за пријавување на болните и немоќни лица, 3 дена пред денот на одржување на изборите, во општинските изборни комисии беа пријавени вкупно 10.749 лица. И на овие избори постапката за добивање на уверенија за болни и немоќни лица не беше дефинирана, па така продолжи практиката уверенијата да бидат издавани сериски, од еден лекар за поголем број граѓани.

Гласањето се одвиваше во мирна атмосфера, но и на овие избори набљудувачите на **МОСТ** забележаа одредени грешки и несигурност кај членовите на Избирачките одбори во постапката за спроведување на гласањето. Дел од набљудувачите известија за повреда на тајноста при гласањето на болните и немоќни лица, гласање без соодветни документи на лицата во затвор/притвор, гласање без гласачка кутија или неупотребување на истата, како и гласање без извадок од Избирачкиот список.

- ### *Гласање во странство*

Гласањето на граѓаните кои живеат или престојуваат во странство беше спроведено во 36 дипломатско-конзуларни претставништва на РМ, еден ден пред денот на одржувањето на изборите. Во трите дефинирани изборни единици во странство, преку Министерството за надворешни работи и Државната изборна комисија, за гласање во странство се пријавија 10.013 државјани на РМ, од кои 7.258 ги исполнуваа законските услови. Од нив, своето право на глас го оствариja 4.088 избирачи.

Набљудувачи на **МОСТ** беа присутни во 19 ДКП-а. Генералната оценка е дека заинтересираноста за гласање кај државјаните на РМ во странство беше значително мала. Забележани беа и голем број на случаи на гласачи кои сакале да гласаат, но не биле запишани во Избирачкиот список.

[17] Изборен законик (Пречистен текст, Сл. весник на РМ бр. 54/11), член 84

Ова пред сè се должи на несоодветната информираност на државјаните на РМ во странство за начинот и рокот за пријавување за гласање.

Решението за гласање во ДКП се покажа несоодветно поради тоа што го доведе во прашање правото на еднаков пристап до гласачкото место, како и поради нееднаквата вредност на гласот во Македонија и странство, што е резултат на непропорционалноста на изборните единици и различниот изборен систем во РМ и во странство.

## *Изборен ден*

Седмите парламентарни избори беа одржани на 5-ти јуни 2011 година.

Од 1.821.122 избирачи, своето право на глас го оствариja 1.156.049 избирачи или 63,48% од вкупниот број на запишани избирачи во Избирачкиот список.[18]

Граѓанската асоцијација **МОСТ** оцени дека гласањето беше спроведено во мирна атмосфера, со голема излезност на граѓаните, што придонесе кон подобрување на работата на избирачките одбори при спроведувањето на процедурата на гласање.

Набљудувачите кои присуствуваа на отворањето на избирачките места, во 103 случаи известија за истакнат пропаганден материјал пред избирачките места, а во 10 случаи известија дека ИО не ги поседувал сите потребни материјали. Отворање на избирачкото место пред, или по 07:00 часот било забележано во 22 случаи од избирачките места покриени со набљудувачи од **МОСТ**, најчесто поради причини од техничко-административен карактер.

Во однос на нерегуларностите на изборите, покрај регистрирање на бројот на случаи во кои се појавило одредено прекршување на изборните правила, за првпат **МОСТ** воведе и регистрирање на вкупниот број на злоупотребени гласови во овие случаи. Оваа методологија дава пореална слика за изборните нерегуларности, и уште поважно, за бројот на гласови или гласачи на кои им било нарушено/одземено/злоупотребено правото на глас.

И покрај подобрувањето на работата на избирачките одбори, набљудувачите на **МОСТ** ги регистрираа следниве видови на нерегуларности: семејно/групно гласање (3.113 случаи и 6.411 гласови), гласање во име на друг (521 случаи и 610 гласови), повеќекратно гласање (299 случаи и 621 гласови), пропусти во раководењето со Избирачкиот список,[19] гласање без соодветна документација (264 случаи), нарушена тајност на гласањето (3.550 случаи) и гласање без употреба на УВ ламба (949 случаи) и безбоен спреј (361 случај). Појавата на фотографирање на гласачките ливчиња со мобилни телефони, како и читањето на глас на името и презимето на избирачите од страна на ИО, претставува обид за нарушување на тајноста на гласањето. И на овие избори продолжи практиката одреден број на гласачи да се изјаснуваат како неписмени, па за да го остварат своето право на глас бараа помош од друг.

Во текот на пребројувањето на гласовите и сумирањето на резултатите, на дел од избирачките места набљудувачите на **МОСТ** регистрираа недоследности во спроведената процедура. Имено, на неискористените гласачки ливчиња не им бил откинат долниот десен агол (269 случаи) и истите не беа сместени во посебен плик пред отворањето на гласачката кутија (394 случаи).[20]

[18] "Извештај за конечните резултати од спроведените Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 5 јуни 2011 година", објавен од Државната изборна комисија
[19] 398 случаи кога гласачот гласал и покрај тоа што не бил запишан во ИС, и 120 случаи кога избирачот не се потпишал/не оставил отпечаток во ИС.
[20] За подетални информации види Анекс I.

На бесплатната телефонска линија на Граѓанската асоцијација **МОСТ**, 080 080 080 беа регистрирани јавувања од граѓани, кои најчесто известуваа за прекршување на изборниот молк, проблеми околу податоците во Избирачкиот список, агитирање од страна на политичките партии, а беше информирано и за индиции за поткупување на гласачите.

Во текот на целиот изборен ден, **МОСТ**, на 4 прес-конференции ја информираше јавноста за случувањата на терен, користејќи единствено проверени и потврдени информации добиени од набљудувачите на избирачките места, мобилните тимови и регионалните координатори.

# 7. ИЗБОРНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Согласно Изборниот законик, органи за спроведување на парламентарните избори се: Државната изборна комисија, 84 Општински изборни комисии и 2976 Избирачки одбори.

## *Државна изборна комисија (ДИК)*

Државната изборна комисија е составена од претседател, потпретседател и 5 членови. Претседателот, потпретседателот и членовите на ДИК функцијата ја вршат професионално, со мандат од 4 години со право на повторен избор.

Ова е втор изборен циклус кој го спроведе овој состав на ДИК, со исклучок на тоа што на 12-ти април 2011 година беше избран нов претседател.[21]

Генерално, работата на ДИК беше јавна и транспарентна, но во носењето на одлуките можеше да се забележи гласање по партиски линии. Имено, членовите предложени од власта и членовите предложени од опозицијата најчесто имаа спротивставени ставови за клучните прашања, додека пак кога се работеше за прашања од тековен и технички карактер можеше да се забележи поголема кооперативност и усогласеност.

И покрај тоа што работата на ДИК генерално беше јавна и транспарентна, неколку седници беа одржани без присуство на јавноста.

Роковите за преземање на изборните дејства беа скратени поради тоа што изборите беа предвремени, но и покрај тоа, ДИК успеа задоволително да ги спроведе изборните дејствија. Законските рокови за спроведување на изборните дејствија воглавно беа почитувани со исклучок на роковите за објавување на описите на изборните единици и формирање на избирачките одбори во ДКП. Формирањето на ИО во ДКП беше задоцнето, делумно и поради утврдувањето на бројот на избирачките места во странство, односно утврдувањето на етничкиот состав во истите, со цел ИО да биде формиран според законските и подзаконските одредби.

Како особено позитивна во работата на ДИК се оценува транспарентноста при решавањето по приговорите за гласањето, координираноста со стручната служба која беше вистинска логистичка поддршка на ДИК во изборниот процес и користењето на информатичката технологија која значително ја зголеми ефикасноста во работењето.

Од друга страна пак, ДИК немаше волја да поведува постапки во случаи кога имаше очигледни индиции за прекршување на одредбите од Изборниот законик. Ова претставува сериозно назадување и неконзистентност во работењето на ДИК и во извршувањето на нејзините законски обврски. Во текот на изборниот процес до јавноста и до ДИК беа доставени материјали за наводни списоци во јавната администрација со граѓани врз кои се врши притисок, по што ДИК се прогласи за ненадлежна и не постапи по истите.

Исто така, како што беше посочено во делот Изборна кампања, ДИК не поведе прекршочни постапки за предвременото започнување на изборната кампања, како и за необјавувањето на местата за плакати и непочитувањето на законски предвидениот рок за тоа од страна на општините.

Ваквото непостапување во голема мера го доведува во прашање кредибилитетот на оваа институција, којашто е задолжена да обезбеди законитост во спроведување на изборите.

[21] Претходниот претседател на ДИК поднесе оставка од функцијата во февруари 2011 година.

Во однос на едукацијата на членовите на изборната администрација, позитивно е тоа што за првпат беа изработени посебни прирачници за различните видови на изборни органи - Општински изборни комисии, Избирачки одбори и Избирачки одбори во ДКП. Сепак, во Прирачникот за Избирачките одбори, во делот за гласањето на болни и немоќни лица, беше наведено дека пликовите со гласачките ливчиња се ставаат во посебен плик, иако законот предвидува тие да се стават во гласачката кутија. Подоцна ДИК со донесување на упатство ја исправи грешката, но обуките за членовите на Избирачките одбори веќе беа спроведени. Исто така, Прирачникот не регулираше прецизно каде треба да стои членот на ИО кој ракува со УВ ламбата.

Што се однесува до обуките за изборната администрација, **МОСТ** констатира дека присуството на членовите на изборните органи беше на незадоволително ниво. Врз основа на податоците од набљудувачите на **МОСТ**, на 9 проследени обуки за членови на ОИК процентот на присуство бил 76%, а на 17 проследени обуки за членови на ИО, на кои биле едуцирани членови на 276 ИО, процентот на присуство бил 61%. На обуките организирани за ИО во ДКП забележано беше отсуството на членовите од политичките партии, поради тоа што се работи за лица кои најчесто престојуваат или живеат во странство.

Обуката за изборната администрација не беше стандардизирана и унифицирана, поради што подоцна се појави различно постапување за одредени изборни дејствија. Покрај тоа, на овие обуки дел од прашањата на членовите на изборната администрација останаа неодговорени, поради тоа што на неколку дена пред одржувањето на изборите ДИК се уште немаше јасни упатства за постапување на изборната администрација. Како на пример, обучувачите немаа унифициран став околу местото на кое се удира печатот на предната страна од гласачкото ливче.

ДИК спроведе кампања за едукација на гласачите, но времетраењето и интензитетот на истата не беа доволни.

Загрижува некоординираноста на ДИК со останатите државни институции вклучени во изборниот процес како МВР, Министерството за информатичко општество и администрација, Државниот завод за статистика и Министерството за финансии.

Државната изборна комисија првичните резултати од изборите, добиени по електронски пат, ги објавуваше сукцесивно, веднаш по пребројувањето на гласовите од избирачките места, на специјално изработена интернет- страница. Резултатите добиени врз основа на податоците од записниците од Општинските изборни комисии ги објави во законскиот рок од 12 часа. Конечните резултати од изборите исто така беа објавени во законскиот рок, односно најдоцна 24 часа по завршувањето на сите постапки поврзани со изборните дејствија.

Во законски предвидениот рок, од страна на ДИК беа издадени 7.351 акредитација за домашни набљудувачи, како и 472 акредитации за странски набљудувачи.

### *Општински изборни комисии (ОИК)*

Општинските изборни комисии се составени од претседател, четири членови и нивни заменици. Претседателите, членовите и нивните заменици, се избираат од вработените во државната, општинската и администрацијата на град Скопје, со високо образование, по случаен избор, со мандат во траење од 5 години.[22]

Согласно Изборниот законик, надлежностите на ОИК во процесот на спроведување на парламентарни избори генерално се од техничко-административен карактер, а меѓу другото се состојат и од дополнување на избирачките одбори и нивна обука.

[22] Изборен законик (Пречистен текст, Сл. весник на Р Македонија бр. 54/11), член 34, став 4

Поради истекувањето на мандатот на претходниот состав на ОИК, беа избрани нови членови на ОИК. Во текот на процесот проблематични беа случаите кога членовите на ОИК не се жители на местата каде што се назначени, и затоа не можеа да присуствуваат на состаноци и нормално да ги вршат своите задолженија. Исто така, реакции предизвика и изборот на членови на ОИК во блиски роднински врски со владејачки функционери. Иако ова не е забрането со закон, сепак дел од овие членови поднесоа оставка од функцијата во ОИК.

Речиси еден месец од нивното формирање, дел од ОИК немаа обезбедено просторни услови за работа, а поголем број од нив немаа добиено финансиски средства за спроведување на своите активности.

## *Избирачки одбори (ИО)*

На овие избори и покрај тоа што вкупниот број на избирачки места (2.976) остана непроменет, 33 избирачки места не ги исполнија условите за организирање на гласање, односно бројот на регистрирани гласачи во нив беше помал од 10. Со одлука на ДИК гласањето за овие гласачи беше организирано во најблиското избирачко место. Поради тоа, вкупниот број на избирачки одбори на овие предвремени парламентарни избори изнесуваше 2.943.

Избирачките одбори се составени од претседател, четири членови и нивни заменици. Претседателот, неговиот заменик и два члена и нивните заменици се избираат од редот на државната, општинската и администрацијата на град Скопје. Останатите два члена и нивни заменици се избираат на предлог на политичките партии, еден член и заменик од партиите на власт, и еден член и заменик од партиите во опозиција.[23]

Во однос на претходните изборни циклуси, набљудувачите на **МОСТ** забележаа подобрување во работата на ИО, почитување на изборните правила и навремени реакции во случај на прекршување на Изборниот законик. Сепак, кај дел од ИО беа забележани одредени нерегуларности при спроведувањето на гласањето, односно при процесот на идентификација на гласачите, употребата на УВ ламбата и безбојниот спреј, раководењето со извадокот од Избирачкиот список, како и толерирањето на појавите на групно и семејно гласање, повеќекратно гласање и гласање во име на друг.

[23] Изборен законик (Пречистен текст, Сл. весник на Р Македонија бр. 54/11), член 38, ставови 2, 3, 4, 5 и 6

# 8. ЗАШТИТА НА ИЗБИРАЧКИТЕ ПРАВА

Изборниот законик предвидува различни постапки за заштита на правата на  кандидатите и на избирачите. Во неколку глави Изборниот законик ги регулира постапките за заштита на избирачките права и тие се приспособени зависно од тоа дали станува збор за:
- Заштита на правата при евидентирањето во Избирачкиот список;
- Заштита на правата при утврдување валидност на кандидатурите;
- Заштита на правата на кандидатите во текот на изборната кампања;
- Заштита на правата при спроведувањето на гласањето, сумирањето и утврдувањето на резултатите.

Граѓаните имаат право да поднесат барање за запишување, дополнување или бришење на податоците во Избирачкиот список до Државната изборна комисија. По доставените барања, ДИК носи решение со кое го прифаќа или одбива барањето. Против решението на ДИК, секој граѓанин има право со тужба да поведе управен спор пред Управниот суд.[24]

Во текот на процесот на поднесување на кандидатури ДИК отфрли 2 кандидатски листи. Во ваков случај подносителите на кандидатските листи имаат право да поднесат тужба до Управниот суд.[25]

Кандидатите во изборниот процес имаат право да покренат постапка за заштита на своите права пред надлежниот основен суд, доколку во текот на изборната кампања истите им се повредени.[26] Постапката за заштита на правата на кандидатите пред првостепените судови во текот на изборната кампања е се уште нејасна и конфузна. Остана недефинирано кој вид на постапка може да се покрене пред судовите.

Во однос на заштитата на правата при спроведувањето на гласањето, сумирањето и објавувањето на резултатите, подносителите на кандидатски листи имаат право да поднесат приговори до ДИК.[27] Во законски предвидениот рок, односно 48 часа по завршувањето на гласањето, односно објавувањето на првичните резултати, до ДИК беа поднесени 16 приговори,[28] од кои 10 приговори се однесуваа на постапката на гласање, а 6 приговори на постапката на сумирање на резултатите.

Основите за приговори беа: семејно гласање, присуство на неовластени лица кои вршеле притисок врз избирачите, закани и заплашување од страна на членови на ИО, фотографирање на гласачкото ливче, гласање во име на починато лице, присуство на лица со партиски обележја и пропаганден материјал пред гласачкото место, погрешно сумирање на резултатите и др.

ДИК единствено го усвои приговорот од ПОДЕМ и е извршена исправка на сумираните и утврдените резултати во избирачките места 0033 и 0080. Останатите приговори беа отфрлени.

Против одлуките на ДИК беа поднесени 5 тужби до Управниот суд. Управниот суд во сите 5 случаи тужбите ги одби како неосновани, односно ги потврди одлуките на ДИК.

Во текот на изборниот ден до ДИК не беа поднесени приговори за заштита на избирачкото право на избирачите.[29]

---

[24] Изборен законик (Пречистен текст, Сл. весник на РМ бр. 54/11), членови 42 и 48.
[25] Изборен законик (Пречистен текст, Сл. весник на РМ бр. 54/11), член 67.
[26] Изборен законик (Пречистен текст, Сл. весник на РМ бр. 54/11), член 73.
[27] Изборен законик (Пречистен текст, Сл. весник на РМ бр. 54/11), член 148.
[28] 1 приговор од Демокрациа е Ре (Партија за нова демократија), 1 приговор од Партија на обединети демократи на Македонија(ПОДЕМ) и 14 приговори од Обединети за Македонија.
[29] Изборен законик (Пречистен текст, Сл. весник на Р Македонија бр. 54/11), член 149.

# *9. "PVT" ПРОГРАМА*

Паралелната обработка на гласови (Parallel Vote Tabulation), или кратко "PVT", комбинирана со регуларното набљудување претставува моќна алатка за пронаоѓање на евентуалните изборни измами, како и грешки во обработката на податоците, дури и кај оние избирачки места кои не се набљудуваат.

Исто како и во претходните изборни циклуси така и за Предвремените парламентарни избори 2011, **МОСТ** преку "PVT" програмата ја следеше излезноста на гласачите во текот на денот, како и распределбата на мандатите по пребројувањето на гласовите и сумирањето на резултатите.

"PVT" програмата го следи текот на излезноста на гласачите, со што се овозможува да се оцени реалноста на одѕивот. На пример, евентуалното нагло зголемување во одреден временски период, укажува на евентуални изборни нерегуларности. **МОСТ** ја следеше излезноста на гласачите во 4 наврати за 10 временски интервали почнувајќи од 9 часот наутро, на секој час, се до затворањето на избирачките места.

Покрај текот на излезноста на гласачите, "PVT" програмата ја проектира распределбата на гласовите со голема прецизност, и во случај на голема разлика помеѓу резултатите добиени од "PVT" програмата и официјалните резултати, повторно укажува на можност за изборна измама.

Програмата функционира преку брзо прибирање и обработка на податоците од официјалните записници од избирачките места од "PVT" примерокот за резултатите од гласањето, дојавени директно од набљудувачите, веднаш по потпишувањето на официјалниот записник од страна на членовите на Избирачкиот одбор.

"PVT" примерокот, пак, содржи избирачки места (во понатамошниот текст "PVT" места) кои претставуваат демографски и географски одраз на сите избирачки места во Републиката, односно демографски и географски одраз на гласачкото тело. Поради тоа што Република Македонија е поделена на 6 изборни единици и Д'онтовата метода за распределба на мандатите се аплицира на секоја изборна единица поодделно, за потребите на "PVT" програмата, изработени се 6 "PVT" примероци.

Примероците содржеа вкупно 1.192 избирачки места или 167 "PVT" места во изборната единица 1, 153 "PVT" места во изборната единица 2, 244 "PVT" места во изборната единица 3, 212 "PVT" места во изборната единица 4, 211 "PVT" места во изборната единица 5 и 205 "PVT" места во изборната единица 6.

Набљудувачите кои беа распоредени на "PVT" местата, покрај регуларната обука, добија и посебна обука и инструкции за "PVT" известување. За потребите на известувањето на овие набљудувачи се користеше посебен "PVT"формулар, а комуникацијата со нив ја спроведуваа 40 оператори во "PVT" центарот.

**МОСТ** известуваше за излезноста на гласачите на 3 конференции за јавност во текот на изборниот ден, а резултатите од "PVT" програмата ги соопшти пет часа по затворањето на гласачките места.

## *Резултати*

Во следната табела се презентирани добиените резултати од “PVT” програмата за излезноста на гласачите по изборни единици и нивна споредба со официјалните податоци од Државната изборна комисија.

| **Изборна единица** | **МОСТ** | **ДИК** | **Разлика** |
|---|---|---|---|
| 1 | 67,54% | 67,37% | 0,17% |
| 2 | 61,08% | 60,00% | 1,08% |
| 3 | 72,00% | 71,79% | 0,21% |
| 4 | 72,03% | 72,53% | 0,50% |
| 5 | 61,08% | 61,25% | 0,17% |
| 6 | 49,26% | 49,39% | 0,13% |

Од табелата може да се види дека во 5 изборни единици грешката се движи до 0,5%, само во ИЕ 2 разликата е 1,08%. **Просечната разлика** изнесува **0,38%**.

Во следните табели се презентирани бројот на освоени гласови за секоја партија добиени од "PVT" програмата и нивна компарација со официјалните резултати од ДИК:

**Изборна единица 1**

| | | МОСТ | | | ДИК | | разлика | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | гласови според примерокот | проектирани гласови | % | гласови | % | гласови | % |
| 1 | ДЕМОКРАЦИА Е РЕ | 1712 | 4284 | 2,17% | 4337 | 2,19% | **53** | **0,02%** |
| 2 | ПОДЕМ | 123 | 308 | 0,16% | 309 | 0,16% | **1** | **0,00%** |
| 3 | СДУ | 262 | 656 | 0,33% | 608 | 0,31% | **-48** | **0,02%** |
| 5 | ВМРО-ДПМНЕ | 29776 | 74512 | 37,70% | 74102 | 37,49% | **-410** | **0,21%** |
| 6 | ВМРО-НП | 1614 | 4039 | 2,04% | 3952 | 2,00% | **-87** | **0,04%** |
| 7 | ДУИ | 7599 | 19016 | 9,62% | 19405 | 9,82% | **389** | **0,20%** |
| 8 | ДПА | 4002 | 10015 | 5,07% | 10295 | 5,21% | **280** | **0,14%** |
| 9 | ДОСТОИНСТВО | 698 | 1747 | 0,88% | 1699 | 0,86% | **-48** | **0,02%** |
| 10 | СДСМ | 27715 | 69354 | 35,09% | 69429 | 35,12% | **75** | **0,03%** |
| 11 | НДУ | 64 | 160 | 0,08% | 136 | 0,07% | **-24** | **0,01%** |
| 12 | ЛДП | 1814 | 4539 | 2,30% | 4367 | 2,21% | **-172** | **0,09%** |
| 13 | СДПМ | 227 | 568 | 0,29% | 222 | 0,11% | **-346** | **0,18%** |
| 14 | ДЕМОКРАТСКА ДЕСНИЦА | 253 | 633 | 0,32% | 592 | 0,30% | **-41** | **0,02%** |
| 15 | ЕВРОПСКА ПАРТИЈА | 53 | 133 | 0,07% | 130 | 0,07% | **-3** | **0,00%** |
| 17 | НДП | 1951 | 4882 | 2,47% | 5053 | 2,56% | **171** | **0,09%** |
| 18 | ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА | 1127 | 2820 | 1,43% | 3029 | 1,53% | **209** | **0,10%** |
| | **Вкупно:** | 78990 | 197665 | | 197665 | | | |

**Изборна единица 2**

| | | МОСТ | | | ДИК | | разлика | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | гласови според примерокот | проектирани гласови | % | гласови | % | гласови | % |
| 1 | ДЕМОКРАЦИА Е РЕ | 2698 | 6830 | 3,76% | 7346 | 4,04% | **516** | **0,28%** |
| 2 | ПОДЕМ | 195 | 494 | 0,27% | 429 | 0,24% | **-65** | **0,03%** |
| 3 | СДУ | 131 | 332 | 0,18% | 327 | 0,18% | **-5** | **0,00%** |
| 4 | ДУА | 1119 | 2833 | 1,56% | 2065 | 1,14% | **-768** | **0,42%** |
| 5 | ВМРО-ДПМНЕ | 26296 | 66572 | 36,62% | 66450 | 36,55% | **-122** | **0,07%** |
| 6 | ВМРО-НП | 1523 | 3856 | 2,12% | 3756 | 2,07% | **-100** | **0,05%** |
| 7 | ДУИ | 9402 | 23802 | 13,09% | 24273 | 13,35% | **471** | **0,26%** |
| 8 | ДПА | 4577 | 11587 | 6,37% | 12073 | 6,64% | **486** | **0,27%** |
| 9 | ДОСТОИНСТВО | 540 | 1367 | 0,75% | 1295 | 0,71% | **-72** | **0,04%** |
| 10 | СДСМ | 21335 | 54012 | 29,71% | 53374 | 29,36% | **-638** | **0,35%** |
| 11 | НДУ | 80 | 203 | 0,11% | 166 | 0,09% | **-37** | **0,02%** |
| 12 | ЛДП | 1299 | 3289 | 1,81% | 3277 | 1,80% | **-12** | **0,01%** |
| 13 | СДПМ | 152 | 385 | 0,21% | 401 | 0,22% | **16** | **0,01%** |
| 14 | ДЕМОКРАТСКА ДЕСНИЦА | 138 | 349 | 0,19% | 378 | 0,21% | **29** | **0,02%** |
| 17 | НДП | 1444 | 3656 | 2,01% | 3923 | 2,16% | **267** | **0,15%** |
| 18 | ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА | 884 | 2238 | 1,23% | 2271 | 1,25% | **33** | **0,02%** |
| | **Вкупно:** | 71813 | 181804 | | 181804 | | | |

## Изборна единица 3

| | | МОСТ | | | ДИК | | разлика | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **гласови според примерокот** | **проектирани гласови** | **%** | **гласови** | **%** | **гласови** | **%** |
| **2** | ПОДЕМ | 416 | 1009 | 0,50% | 925 | 0,46% | **-84** | **0,04%** |
| **3** | СДУ | 213 | 516 | 0,26% | 482 | 0,24% | **-34** | **0,02%** |
| **5** | ВМРО-ДПМНЕ | 42035 | 101906 | 50,46% | 102430 | 50,72% | **524** | **0,26%** |
| **6** | ВМРО-НП | 3190 | 7734 | 3,83% | 7820 | 3,87% | **86** | **0,04%** |
| **7** | ДУИ | 2676 | 6487 | 3,21% | 6232 | 3,09% | **-255** | **0,12%** |
| **8** | ДПА | 190 | 461 | 0,23% | 452 | 0,22% | **-9** | **0,01%** |
| **9** | ДОСТОИНСТВО | 881 | 2136 | 1,06% | 2182 | 1,08% | **46** | **0,02%** |
| **10** | СДСМ | 30241 | 73313 | 36,30% | 73349 | 36,32% | **36** | **0,02%** |
| **12** | ЛДП | 1356 | 3287 | 1,63% | 3073 | 1,52% | **-214** | **0,11%** |
| **13** | СДПМ | 259 | 628 | 0,31% | 663 | 0,33% | **35** | **0,02%** |
| **14** | ДЕМОКРАТСКА ДЕСНИЦА | 54 | 131 | 0,06% | 155 | 0,08% | **24** | **0,02%** |
| **18** | ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА | 1799 | 4361 | 2,16% | 4206 | 2,08% | **-155** | **0,08%** |
| | **Вкупно:** | 83310 | 201969 | | 201969 | | | |

## Изборна единица 4

| | | МОСТ | | | ДИК | | разлика | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **гласови според примерокот** | **проектирани гласови** | **%** | **гласови** | **%** | **гласови** | **%** |
| **2** | ПОДЕМ | 426 | 1121 | 0,54% | 1018 | 0,49% | **-103** | **0,05%** |
| **3** | СДУ | 160 | 421 | 0,20% | 469 | 0,23% | **48** | **0,03%** |
| **5** | ВМРО-ДПМНЕ | 39380 | 103581 | 50,04% | 102918 | 49,72% | **-663** | **0,32%** |
| **6** | ВМРО-НП | 1874 | 4929 | 2,38% | 4996 | 2,41% | **67** | **0,03%** |
| **9** | ДОСТОИНСТВО | 763 | 2007 | 0,97% | 1934 | 0,93% | **-73** | **0,04%** |
| **10** | СДСМ | 33781 | 88854 | 42,93% | 89516 | 43,25% | **662** | **0,32%** |
| **12** | ЛДП | 883 | 2323 | 1,12% | 2283 | 1,10% | **-40** | **0,02%** |
| **13** | СДПМ | 105 | 276 | 0,13% | 265 | 0,13% | **-11** | **0,00%** |
| **14** | ДЕМОКРАТСКА ДЕСНИЦА | 86 | 226 | 0,11% | 175 | 0,08% | **-51** | **0,03%** |
| **18** | ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА | 1234 | 3246 | 1,57% | 3409 | 1,65% | **163** | **0,08%** |
| | **Вкупно:** | 78692 | 206983 | | 206983 | | | |

## Изборна единица 5

| | | МОСТ | | | ДИК | | разлика | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | гласови според примерокот | проектирани гласови | % | гласови | % | гласови | % |
| 1 | ДЕМОКРАЦИА Е РЕ | 1504 | 3784 | 2,09% | 4222 | 2,33% | **438** | **0,24%** |
| 2 | ПОДЕМ | 668 | 1681 | 0,93% | 1714 | 0,95% | **33** | **0,02%** |
| 3 | СДУ | 81 | 204 | 0,11% | 226 | 0,12% | **22** | **0,01%** |
| 5 | ВМРО-ДПМНЕ | 27842 | 70055 | 38,67% | 70019 | 38,65% | **-36** | **0,02%** |
| 6 | ВМРО-НП | 2805 | 7058 | 3,90% | 6361 | 3,51% | **-697** | **0,39%** |
| 7 | ДУИ | 6067 | 15266 | 8,43% | 14992 | 8,27% | **-274** | **0,16%** |
| 8 | ДПА | 3098 | 7795 | 4,30% | 7529 | 4,16% | **-266** | **0,14%** |
| 9 | ДОСТОИНСТВО | 662 | 1666 | 0,92% | 1277 | 0,70% | **-389** | **0,22%** |
| 10 | СДСМ | 25453 | 64044 | 35,35% | 64984 | 35,87% | **940** | **0,52%** |
| 12 | ЛДП | 1265 | 3183 | 1,76% | 3256 | 1,80% | **73** | **0,04%** |
| 13 | СДПМ | 128 | 322 | 0,18% | 196 | 0,11% | **-126** | **0,07%** |
| 14 | ДЕМОКРАТСКА ДЕСНИЦА | 122 | 307 | 0,17% | 217 | 0,12% | **-90** | **0,05%** |
| 17 | НДП | 1337 | 3364 | 1,86% | 3660 | 2,02% | **296** | **0,16%** |
| 18 | ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА | 972 | 2446 | 1,35% | 2522 | 1,39% | **76** | **0,04%** |
| | **Вкупно:** | 72004 | 181175 | | 181175 | | | |

## Изборна единица 6

| | | МОСТ | | | ДИК | | разлика | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | гласови според примерокот | проектирани гласови | % | гласови | % | гласови | % |
| 1 | ДЕМОКРАЦИА Е РЕ | 2080 | 4180 | 2,71% | 4053 | 2,62% | **-127** | **0,09%** |
| 3 | СДУ | 74 | 149 | 0,10% | 158 | 0,10% | **9** | **0,00%** |
| 4 | ДУА | 1241 | 2494 | 1,61% | 2452 | 1,59% | **-42** | **0,02%** |
| 5 | ВМРО-ДПМНЕ | 11653 | 23419 | 15,16% | 22219 | 14,39% | **-1200** | **0,77%** |
| 6 | ВМРО-НП | 708 | 1423 | 0,92% | 1332 | 0,86% | **-91** | **0,06%** |
| 7 | ДУИ | 24110 | 48455 | 31,37% | 50190 | 32,50% | **1735** | **1,13%** |
| 8 | ДПА | 17894 | 35962 | 23,28% | 35966 | 23,29% | **4** | **0,01%** |
| 9 | ДОСТОИНСТВО | 216 | 434 | 0,28% | 450 | 0,30% | **16** | **0,02%** |
| 10 | СДСМ | 9248 | 18586 | 12,03% | 17844 | 11,55% | **-742** | **0,48%** |
| 11 | НДУ | 60 | 121 | 0,08% | 168 | 0,11% | **47** | **0,03%** |
| 12 | ЛДП | 159 | 320 | 0,21% | 295 | 0,19% | **-25** | **0,02%** |
| 13 | СДПМ | 28 | 56 | 0,04% | 60 | 0,04% | **4** | **0,00%** |
| 16 | ПДП | 133 | 267 | 0,17% | 277 | 0,18% | **10** | **0,01%** |
| 17 | НДП | 8456 | 16994 | 11,00% | 17360 | 11,22% | **366** | **0,22%** |
| 18 | ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА | 800 | 1608 | 1,04% | 1644 | 1,06% | **36** | **0,02%** |
| | **Вкупно:** | 76860 | 154468 | | 154468 | | | |

Во однос на распределбата на пратеничките мандати по политички партии добиени се следниве резултати:

| | | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | НДУ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ИЕ1 | МОСТ | 9 | 8 | 2 | 1 | |
| | ДИК | 9 | 8 | 2 | 1 | |
| | разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| ИЕ2 | МОСТ | 9 | 7 | 3 | 1 | |
| | ДИК | 9 | 7 | 3 | 1 | |
| | разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| ИЕ3 | МОСТ | 12 | 8 | | | |
| | ДИК | 12 | 8 | | | |
| | разлика | 0 | 0 | | | |
| ИЕ4 | МОСТ | 11 | 9 | | | |
| | ДИК | 11 | 9 | | | |
| | разлика | 0 | 0 | | | |
| ИЕ5 | МОСТ | 9 | 8 | 2 | 1 | |
| | ДИК | 9 | 8 | 2 | 1 | |
| | разлика | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| ИЕ6 | МОСТ | 3 | 3 | 7 | 5 | 2 |
| | ДИК | 3 | 2 | 8 | 5 | 2 |
| | разлика | 0 | 1 | -1 | 0 | 0 |

| | | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | НДУ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | МОСТ | 53 | 43 | 14 | 8 | 2 |
| | ДИК | 53 | 42 | 15 | 8 | 2 |
| | разлика | 0 | 1 | -1 | 0 | 0 |

Доколку овие резултати се споредат со официјалните резултати објавени од ДИК, може да се забележи дека “PVT” програмата дала мошне прецизни резултати, односно грешката е само во еден мандат во Изборна единица 6, којшто според официјалните резултати наместо на СДСМ му припадна на ДУИ.

# 10. ПРЕПОРАКИ

Како резултат на набљудувањето на Предвремените парламентарни избори 2011, а во насока на подобрување на изборните процеси во иднина и намалување на можноста за различно толкување на одредени делови од Изборниот законик, Граѓанската асоцијација **МОСТ** ги дава следниве препораки:

- Да се напушти практиката Изборниот законик да се менува пред самото одржување на изборите и без консензус на сите политички партии, зашто тоа создава недоверба во изборниот процес;

- Да се разгледа можноста за унапредување на изборниот систем со воведување на модел на отворени листи, каде освен за политичкиот субјект ќе се гласа и за кандидат од истата листа. На тој начин би се обезбедила поголема демократија во процесот на номинирањето на кандидатите од страна на политичките партии;

- Да се воведе одредба со која на носителите на функции неспојливи со функцијата пратеник, кои се кандидирале и добиле мандат на изборите, веднаш по официјализирањето на резултатите ќе им престане функцијата за која претходно ја добиле довербата од граѓаните;

- Да се реформира Законот за државни службеници и сродните закони со цел да се зајакне статусот на вработените во државната и јавната администрација, во насока на нивна заштита од политички притисоци од раководните државни службеници. Исто така, сите притисоци и закани од државни службеници кон граѓаните треба да бидат истражени и процесирани од страна на надлежните органи;

- Да се вратат одредбите во Кривичниот законик кои предвидуваа дека обидот за извршување на кривични дела против изборите и гласањето е казнив;

- Да се унифицираат дефинициите за одредени поими во Изборниот законик, како на пример "изборна кампања" и "организатор на изборна кампања" . Според сегашното решение, истите термини се дефинирани два пати – првпат во член 2, односно Поимникот, а втор пат во членот 69-а, односно членот 70 кои ги регулираат соодветните термини. Ова создава забуна со оглед на тоа што дефинициите не се идентични;

- Во Изборниот законик се провлекуваат граматички и номотехнички грешки и покрај неколкуте измени и дополнувања. При наредната измена, законодавецот да направи напор и да ги поправи овие ситни недоследности во текстот.

## *Изборна администрација*

- Изборната администрација да внимава на почитувањето на роковите за спроведување на изборните дејствија пропишани со Изборниот законик и Роковникот за спроведување на изборните дејствија;

- Да се стандардизира, унифицира и подобри квалитетот на прирачниците за обука на изборните органи, како и на самата обука спроведена од ДИК и ОИК;

- Да се воведе одредба во законот со која што присуството на обуките за изборната администрација, односно членовите од државната и јавната администрација и членовите од политичките партии, ќе биде задолжително. Исто така, да се обезбеди механизам преку

кој членовите на ИО во ДКП кои се претставници на политичките партии ќе бидат во можност да проследат обука;

- Да се воведе одредба во Изборниот законик со која ќе се елиминира можноста членовите на изборните органи да гласаат воздржано;
- Да се утврди неспојливост на функцијата член на совет на општина, или на Советот на град Скопје со функцијата член на изборен орган.

### *Евиденција на избирачкото право*

- Во периодот што следува да се пристапи кон прочистување на Избирачкиот список согласно методологија која најпрво ќе ги утврди проблемите со податоците во Избирачкиот список, а потоа ќе се пристапи кон нивно разрешување.

### *Кандидирање*

- Процесот на давање потпис за поддршка на одредена кандидатура да не биде рестриктивен, односно да се предвиди можност еден граѓанин да може да стави потпис за поддршка на повеќе кандидати односно кандидатски листи;
- Да се овозможи алтернативен начин на собирање потписи за поддршка на кандидатурите, на тој начин што Државната изборна комисија ќе отвори повеќе пунктови за таа намена и со тоа процесот ќе биде подостапен за граѓаните;
- Одредбата во **член 60**, став 4 од Изборниот законик, создава проблеми од причина што како симбол на коалициите се користи симболот на најголемата партија во коалицијата.

### *Изборна кампања*

- Да се преземат чекори за решавање на конфликтот на интереси во врска со директната или индиректната контрола и сопственост врз националните приватни радиодифузери од страна на лица кои се ангажирани во политиката, особено поради тоа што на овој начин се ограничува правото на рамноправен пристап во медиумското претставување;
- Да се дефинира периодот пред започнување на изборната кампања, односно од распишувањето на изборите до почетокот на изборната кампања, и точно да се пропише кои дејствија се дозволени во овој период, а кои не.

### *Финансирање на изборната кампања*

- Организаторот на изборна кампања е должен да отвори нова жиро-сметка со назнака за изборна кампања во рок од 48 часа по потврдување на листата на кандидати. Ако се има предвид дека тоа се врши на околу 30 дена пред одржувањето на изборите, останува отворено прашањето на која сметка се депонираат приходите за изборната кампања, кои реално се собираат многу порано. Ако е тоа сметката на политичките партии, се губи трагата на донаторот бидејќи подоцна средствата кои се префрлени од сметката на политичките партии на сметката за кампања се прикажуваат само како средства добиени од политичките партии. Едно од можните решенија за надминување на ваквата состојба е контролата на средствата потрошени за кампања да се врши на двете жиро-сметки (партиската и онаа за кампања), односно сите финансиски движења на партиската сметка во периодот од 6 месеци пред почетокот на изборите, па се до нивното завршување, треба да бидат предмет на контрола;

- Во **член 75**, став 5 од Изборниот законик да се воведе обврска за доставување на ценовник за изнајмување на медиумски простор кој би ги опфатил и изнајмувачите на рекламни паноа. Како и да е, и за печатените медиуми, и за изнајмувачите на рекламни паноа, останува прашањето кој ќе врши мониторинг на искористениот простор.

### *Спроведување на гласањето*

- Да се допрецизира постапката за спроведување на гласањето во Изборниот законик, односно проверката со УВ ламбата да се врши на влезот во гласачкото место, како и да се утврди местото на кое се удира печатот на предната страна од гласачкото ливче;

- Да се вметне одредба во Изборниот законик со која ќе се забрани читање на глас на името и презимето на гласачот кога пристапува кон ИО;

- Во Прирачникот за едукација на избирачките одбори стои дека податоците на лицата кои им помагаат на избирачите кои не можат да гласаат сами се заведуваат во Дневникот од избирачкото место.. Ова прашање да се регулира со закон, со што би се стандардизирала постапката во овој случај;

- Во Изборниот законик да се регулира постапката за добивање на уверение за болно и немоќно лице и да се напушти практиката ова прашање да се решава со подзаконски акти. **МОСТ** смета дека ваквите уверенија треба да се базираат на наод од лекар-специјалист.

### *Заштита на избирачкото право*

- Во текот на одлучувањето по приговорите, ДИК ја применуваше следната методологија: за приговорот да биде уважен, мораше да биде внесен во Записникот од избирачкото место, иако тоа не е експлицитно наведено ниту во Изборниот законик, ниту во Упатството за решавање по приговори издадено од ДИК. Во таа насока, да се прецизираат критериумите за одлучување по приговорите;

- Со новите измени и дополнувања на Изборниот законик се предвидува да бидат поднесени најмалку 2 приговори по избирачко место за ДИК да изврши увид во изборниот материјал. Со ова се ограничува заштитата на избирачкото право. Претходното законско решение со кое ДИК имаше можност да изврши увид врз основа на само 1 приговор по избирачко место е многу посоодветно и нуди поголема заштита на избирачкото право;

- **Член 37** е во спротивност со **член 148,** став 1, кој се однесува на надлежноста за одлучување по приговори. Во член 37, ОИК и Изборната комисија на град Скопје се надлежни за одлучување по приговори, додека во член 148 се регулира дека приговори се поднесуваат до ДИК;

- Во **член 151** да се предвиди гласањето да биде поништено во случај кога бројот на гласачките ливчиња во гласачката кутија е помал од бројот на избирачите што гласале.

### *Гласање во странство*

- Да се ревидира системот за гласање во странство, со оглед на нееднаквата можност за остварување на правото на глас и малиот број на пријавени и регистрирани лица, кој на овие избори изнесуваше само 7.258. Неопходно е да се разгледа можноста за алтернативни начини на гласање, како на пример гласање по пошта или по електронски пат, зашто сегашното решение е неефикасно, односно непотребно се трошат огромни буџетски средства;

- Изборниот законик да регулира каде и кога ќе гласаат членовите на ИО во ДКП;

- Од Изборниот законик да се избришат Стразбур и Женева како ДКП-а во кои се спроведува гласање, зашто истите немаат статус на ДКП-а, туку се постојани мисии на РМ во меѓународни организации;

- Роковите за пријавување за гласање во странство и доставување на предлози за членови на ИО во ДКП од страна на политичките партии да течат еден по друг, а не паралелно, затоа што вториот процес е директно зависен од првиот;

- **Член 91**, став 2 е во спротивност со **член 113-а**, став 3. Имено, членот 91 предвидува дека ДИК го предава изборниот материјал на ДКП најдоцна 10 дена пред одржувањето на изборите, а член 113-а предвидува дека ДИК тоа треба да го стори веднаш, а најдоцна 24 часа по добивањето на изборниот материјал. Да се интервенира во членот 113-а, со тоа што ДИК ќе се замени со Министерството за надворешни работи, зашто во член 91 токму овој рок е предвиден за предавање на изборниот материјал од МНР до ДКП.

# *11. ХРОНОЛОШКИ ПРЕГЛЕД НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

**Првите повеќепартиски Парламентарни избори** во Република Македонија, кои се одржаа во ноември 1990 година,[30] беа спроведени според *Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници*.[31] Законот предвидуваше мнозински изборен модел во два изборни круга, при што Македонија беше поделена на 120 едномандатни изборни единици. Во парламентот беа избрани 104 пратеници предложени како кандидати од 7 политички партии, 13 пратеници предложени како кандидати од предизборни коалиции и 3-ца независни кандидати. Најмногу пратенички места (38) освои ВМРО-ДПМНЕ. Ниту една политичка партија не обезбеди апсолутно парламентарно мнозинство, поради што беше формирана експертска влада. Во 1992 година, по изгласаната недоверба на експертската Влада и враќањето на мандатот од страна на двајца мандатари, мандатот за формирање на нова Влада го доби Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија (СДСМ),[32] којшто коалицираше со Сојузот на реформските сили на Македонија, Социјалистичка партија на Македонија (СПМ) и Партија за демократски просперитет на Македонија (ПДП) од албанскиот политички блок.

**Вторите Парламентарни избори**, одржани во октомври 1994,[33] исто така беа спроведени според мнозинскиот изборен модел во два изборни круга. Во парламентот беа избрани 25 пратеници предложени како кандидати од 9 политички партии и 88 пратеници предложени како кандидати од 2 предизборни коалиции. Независните кандидати добија 7 пратенички мандати. Владата ја формираа коалицијата "Сојуз за Македонија"[34] (95 освоени пратенички места) и ПДП (10 освоени пратенички места). Во овој мандат, Собранието функционираше без парламентарна опозиција, поради тоа што ВМРО-ДПМНЕ и Демократската партија на Македонија одлучија да не учествуваат во вториот изборен круг.

**Третите Парламентарни избори**, одржани во октомври - ноември 1998 година,[35] беа спроведени според нова законска регулатива,[36] чија што најзначајна карактеристика беше тоа што беа одржани според нов, комбиниран изборен модел. 85 пратенички мандати беа добиени според мнозинскиот систем во два изборни круга во 85 едномандатни изборни единици, а 35 според пропорционалниот изборен модел, при што територијата на Република Македонија претставуваше 1 изборна единица. За пратеници беа избрани 61 кандидат, предложени од 7 политички партии, и 59 кандидати предложени од предизборни коалиции. Предизборната коалиција на ВМРО–ДПМНЕ и Демократска алтернатива (ДА) обезбеди апсолутно мнозинство од 62 пратеници во Собранието на РМ и ја формираше Владата. Во владината коалиција се вклучи и албанскиот политички блок претставен преку ПДПА – НДП.

**Четвртите Парламентарни избори** се одржаа на 15-ти септември 2002 година, повторно според нова законска регулатива, односно беа донесени нов *Закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија*[37] и нов *Закон за избирачкиот список.*[38] Со новиот закон повторно беше променет изборниот модел, односно од комбиниран изборен модел се премина на пропорционален изборен модел. Територијата на РМ беше поделена на 6 изборни единици, со приближно ист број

---

[30] Првиот круг од изборите беше одржан на 11 ноември, а вториот круг на 25 ноември.
[31] Сл. весник на РМ бр. 28/90
[32] На изборите во 1990 настапи како Сојуз на Комунисти на Македонија – Партија за Демократска Преобразба (СКМ-ПДП), а во февруари 1991 го промени името во СДСМ.
[33] Првиот круг од изборите беше одржан на 16 октомври, а вториот круг на 30 октомври.
[34] Коалицијата „Сојуз за Македонија" беше составена од СДСМ, СПМ и Либералната партија на Македонија (претходно Сојуз на реформските сили на Македонија).
[35] Првиот круг од изборите беше одржан на 18 октомври, а вториот круг на 1 ноември.
[36] Закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, Сл. весник на РМ 24/98
[37] Сл. весник на РМ бр.42/02
[38] Сл. весник на РМ бр.42/02

на избирачи во секоја од нив. Во секоја изборна единица се избираа по 20 пратеници. Законот за избор на пратеници во Собранието на РМ беше изменет и дополнет во јули 2004 година.[39]

Според резултатите од овие избори, пратенички мандат освоија 27 кандидати предложени од 5 политички партии и 93 кандидати предложени од 2 предизборни коалиции. Владата ја формираа коалицијата "За Македонија заедно", предводена од СДСМ, која освои 60 мандати и новоформираната политичка партија од албанскиот блок, ДУИ, со освоени 16 мандати.

**Петтите Парламентарни избори**, кои беа одржани на 5-ти јули 2006, се спроведоа според истиот изборен модел како и претходните во 2002 (пропорционален, со затворени листи, во 6 изборни единици). Но, законската регулатива беше значително подобрена и кодифицирана, односно беше донесен нов *Изборен законик*.[40] Со донесувањето на Изборниот законик престанаа да важат сите дотогашни посебни закони кои ги регулираа различните видови на избори и останатите сегменти од изборниот процес. Новиот Изборен законик, во кој беа вградени дел од препораките на ОБСЕ/ОДИХР, понуди решенија кои обезбедија објективна и независна изборна администрација, именувана од редот на државната и јавната администрација, со постојана и професионална Државна изборна комисија, поддржана од страна на постојан секретаријат. Изборниот законик исто така понуди нови решенија во делот на финансирањето на изборните кампањи и во делот на заштитата на избирачкото право. Беа извршени и одредени промени во Кривичниот законик во насока на заострување на казнената политика кон сторителите на кривични дела против изборите.

Според резултатите од изборите, коалицијата предводена од ВМРО–ДПМНЕ освои 45 пратенички мандати, коалицијата "За Македонија заедно" предводена од СДСМ освои 32 пратенички мандати, коалицијата ДУИ и ПДП освои 17 мандати, ДПА освои 11 пратенички мандати, НСДП освои 7, ВМРО–НП освои 6 мандати а партиите ДОМ и ПЕИ освоија по 1 пратенички мандат. Коалицијата предводена од ВМРО–ДПМНЕ, заедно со новоформираната НСДП (формирана од членови кои ја напуштија СДСМ) и ДПА од албанскиот блок, формираше Влада.

**Шестите Парламентарни избори,** кои беа првите предвремени парламентарни избори во историјата на Р Македонија, се одржаа на 1-ви јуни 2008. Овие први предвремени парламентарни избори се одржаа по предлог за распуштање на Собранието поднесен од пратеничката група на ДУИ. Изборите беа спроведени според истата законска регулатива како и претходните одржани во 2006 година. Победник на овие избори беше коалицијата "За подобра Македонија" предводена од ВМРО–ДПМНЕ, која освои 63 мандати. Коалицијата "Сонце", предводена од СДСМ освои 27 мандати, ДУИ освои 18 мандати, ДПА 11 мандати, а 1 мандат освои ПЕИ. Овие избори се карактеризираа со голем број на нерегуларности и инциденти, а од страна на меѓународните и домашните набљудувачи беа оценети како крајно незадоволителни. Кулминацијата беше постигната со смртта на 1 лице кое беше застрелано, а во престрелките имаше и ранети, како помеѓу учесниците во инцидентите, така и помеѓу обичните граѓани. На крајот, Владата беше формирана од страна на коалицијата предводена од ВМРО–ДПМНЕ и ДУИ. Оваа коалиција имаше двотретинско мнозинство во Собранието.

[39] Сл. весник на РМ бр.46/04
[40] Сл. весник на РМа бр.40/06

## *12. ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ*

Граѓанската асоцијација **МОСТ** е домашна, невладина и непартиска организација, формирана во **мај 2002** година, од страна на претставници на 20 граѓански организации од целата држава.

**Мисијата** на Граѓанската асоцијација **МОСТ** е да придонесе за развој на подемократска, постабилна и попросперитетна Македонија, преку инволвирање на граѓаните во активности и проекти кои обезбедуваат транспарентност, отвореност и одговорност на владините, политичките и изборните органи кон вистинските потреби на граѓаните.

За остварување на оваа цел **МОСТ** работи во рамките на **три востановени програми**:

- Одговорност и транспарентност;
- Отворени институции и
- Едукација и вклучување на граѓаните.

Од почетокот на своето постоење, организацијата има значајна улога во домашното набљудување на изборите, докажувајќи се како добар организатор и достоен лидер во граѓанскиот сектор. Вклучувањето на граѓани од сите етникуми, религии и политички погледи во активности од интерес на целото општество претставува значаен успех за граѓанското општество во Македонија. Базата на податоци со повеќе од 26.000 волонтери, со која располага организацијата, е доволен доказ за тоа.

Првиот проект на организацијата кој што ги надмина очекувањата беше "Домашно набљудување на парламентарните избори 2002 година", што претставуваше пионерски чекор во Македонија. Оттогаш па наваму, **МОСТ** има набљудувано 8 изборни процеси на национално ниво, 4 изборни процеси на локално ниво, како и 3 Референдуми на национално и локално ниво и претставува значаен фактор кој придонесува кон нивна поголема транспарентност.

Освен набљудувањето на домашните избори, **МОСТ**, како членка на **ENEMO**,[41] учествувал во 19 набљудувачки мисии во земји од просторите на поранешниот Советски Сојуз и Централна и Југоисточна Европа. Исто така, **МОСТ** со свои набљудувачи учествува и во набљудувачките мисии на **ОБСЕ/ОДИХР**.

Во 2003 г., **МОСТ** ја потпиша Загрепската декларација за домашни набљудувачи со која се унифицираа основните начела и принципи на домашното непартиско набљудување на избори на европско ниво, а во 2010 г. во Јоханесбург, е потписник на Нацрт-декларацијата за глобални принципи за непартиско набљудување од страна на граѓански организации, како и на Кодексот на однесување за непартиски набљудувачи.

Започнувајќи од 2004 г., **МОСТ** е постојан учесник во процесот на подобрување на изборното законодавство. Во 2006 г. **МОСТ** ја фацилитираше работната група која го изработи предлогот на Изборниот законик, со кој се кодифицира изборното законодавство. Исто така, **МОСТ** беше дел од работните групи кои ги подготвија измените и дополнувањата во 2008 и 2011 г. Мора да се напомене дека **МОСТ** не секогаш бил целосно задоволен од одлуките на законодавецот.

Во 2009 г. **МОСТ** организираше конференција на тема: "Стандарди за домашно набљудување на избори", на која учествуваа претставници од: државните институции, меѓународните организации, дипломатските претставништва, граѓанскиот сектор, политичките партии и медиумите. Конференцијата придонесе за изработка на документот "Стандарди за домашно

[41] European Network of Election Monitoring Organizations (Европска мрежа на организации кои набљудуваат избори)

набљудување на избори" чија цел е да ги регулира основните начела и принципи врз кои треба да се врши домашното набљудување на избори.

Во 2009 г. исто така, **МОСТ**, во соработка со **ОБСЕ** организираше работна група од неколку домашни и странски експерти на полето на изборната легислатива кои подготвија Коментар на Изборниот законик, прва публикација од ваков вид во Македонија. Во неа беа содржани препораките од повеќе меѓународни организации со цел подобрување на изборното законодавство. Фактот што Коментарот се цитира од страна на пратениците при собраниските расправи за изборното законодавство е доволен доказ за неговиот успех.

Паралелно со заложбите за зголемување на транспарентноста на изборниот процес и подобрување на изборното законодавство, **МОСТ** работи и на полето на едукација и вклучување на граѓаните во политичките процеси со што придонесува во зголемувањето и одржливоста на знаењето на граѓаните за нивните граѓански и политички права и обврски. Преку проектот "Прв пат гласам", започнат во 2004 г, и кој што трае се до денес, **МОСТ** едуцираше повеќе од 23.000 матуранти кои за првпат требаше да го остварат своето право на глас. Со едукацијата тие се запознаа со демократските институции и процеси, како и со нивните права и обврски како идни гласачи.

Покрај едукацијата на граѓаните, а со цел дополнителен придонес кон подобри избори, **МОСТ** се ангажираше и на полето на јакнење на капацитетите на изборните органи. Така, во 2006 г. по идеја на **МОСТ** се реализираше проектот "Избирачки список на интернет" со кој Македонија стана прва земја во регионот која на своите граѓани им овозможи пристап до Избирачкиот список преку интернет. **МОСТ** ја дизајнираше и креираше веб страната која потоа му беше предадена на Министерството за правда, кое тогаш беше надлежно за ажурирање на Избирачкиот список. И овој проект дополнително придонесе кон транспарентноста на изборните процеси.

Во 2008 г., **МОСТ**, во соработка со ДИК подготви прирачник и модул за обука на изборната администрација. За првпат во историјата на Македонија, 30.000 членови и заменици во избирачките одбори добија прирачник пред денот на изборите, како и унифицирана обука врз база на развиениот модул. Прирачникот и модулот за обука официјално беа одобрени од страна на ДИК во 2010 г.

Сите овие реализирани активности и проекти укажуваат на огромното искуство и експертиза кои ги има **МОСТ** во областа на изборите и изборната легислатива, што му даваат за право да биде значаен фактор кој придонесува за подобрување на изборните процеси и на изборната легислатива.

**МОСТ** и понатаму ќе продолжи со спроведување на активности и проекти кои ќе придонесат кон подобро функционирање на демократијата во Македонија, со што ќе ја задржи позицијата на лидер во граѓанскиот сектор.

# *АНЕКС 1*

## Сумирани Р извештаи од сите набљудувачи низ Македонија

| *I. НАДВОР ОД ГЛАСАЧКОТО МЕСТО (ГМ) – Дали забележавте:* | ДА | | НЕ | |
|---|---|---|---|---|
| I.1. Пропаганден материјал | 103 | 4,53% | 2169 | 95,47% |
| I.2. Неовластени лица пред ГМ кои вршат пропаганда | 67 | 2,95% | 2205 | 97,05% |
| I.3 Неовластени лица пред ГМ кои ги заплашуваат гласачите | 31 | 1,36% | 2241 | 98,64% |
| | | | | |
| *II. ВНАТРЕ ВО ГМ* | | | | |
| II. 1. Дали вашата регистрација за набљудувач помина без проблеми? | 2253 | 99,16% | 19 | 0,84% |
| II. 2. Дали видливо беше поставено: број на ГМ и упатство за гласање? | 2257 | 99,34% | 15 | 0,66% |
| II. 3. Дали избирачкиот одбор (ИО) ги поседуваше сите материјали? | 2262 | 99,56% | 10 | 0,44% |
| II. 4. Дали гласачките кутии беа празни пред отворањето на гласачкото место? | 1523 | 67,03% | 749 | 32,97% |
| II.5. Ако гласачките кутии не беа празни, наведи ја причината: | | | | |
| *Во кутиите имаше ливчиња од предвременото гласање* | | | | 747* |
| *Друго* | | | | 2* |
| | ДА | | НЕ | |
| II.6 Дали ГМ се отвори за гласање во 07:00 часот? | 2250 | 99,03% | 22 | 0,97% |
| II. 8. Дали членовите на ИО, претставниците на подносителите на листите и останатите набљудувачи носеа партиски ознаки или симболи? | 302 | 13,29% | 1970 | 86,71% |
| II. 9. Дали овластените претставници на подносителите на листи носеа беџ со бројот на избирачкото место за кое се овластени да вршат набљудување? | 2200 | 96,83% | 72 | 3,17% |
| II. 10. Дали на ГМ имаше присуство на неовластени лица за време на гласањето? | 79 | 3,48% | 2193 | 96,52% |
| | | | | |
| *III. ПРОЦЕДУРА НА ГЛАСАЊЕ* | | | | |
| III. 1. Во колку случаи ИО не провери дали гласачот има трага од невидливото мастило? | | | | 949* |
| III. 2. Во колку случаи ИО не му дозволи на гласачот да гласа поради тоа што истиот имаше трага од невидливото мастило на палецот? | | | | 41* |
| III. 3. Во колку случаи гласачот гласаше и покрај тоа што неговиот палец беше обележан со невидливо мастило? | | | | 192* |
| III. 4. Во колку случаи ИО не изврши проверка на документите за идентификација? | | | | 446* |
| III. 5. Во колку случаи гласачот гласаше без соодветни документи за идентификација? | | | | 264* |
| III. 6. Во колку случаи гласачот не можеше да се најде во Избирачкиот список (ИС)? | | | | 6192* |
| III. 7. Во колку случаи ИО не му дозволи на гласачот да гласа поради тоа што не беше запишан во Избирачкиот список? | | | | 5794* |
| III. 8. Во колку случаи гласачот гласаше и покрај тоа што не беше запишан во ИС? | | | | 398* |
| III. 9. Во колку случаи гласачот не се потпиша/не остави отпечаток во извадокот од Избирачкиот список? | | | | 120* |
| III. 10. Во колку случаи гласачот не беше испрскан со невидливото мастило? | | | | 361* |
| III. 11. Во колку случаи ИО не удри печат на предната страна на ливчето? | | | | 86* |
| | ДА | | НЕ | |
| III. 12. Дали гласачите беа коректно и комплетно информирани за начинот на гласање? | 2236 | 98,42% | 36 | 1,58% |
| III. 13. Во колку случаи тајноста на гласањето не беше запазена? | | | | 3550* |
| III. 14. Колку слепи/неписмени гласачи побараа помош? | | | | 12756** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| III. 15. Во колку случаи процедурата за помош на слепите/неписмените гласачи не беше во согласност со законските одредби? Вкупен број на случаи | | | | 1595* |
| III. 15. Во колку случаи процедурата за помош на слепите/неписмените гласачи не беше во согласност со законските одредби? Вкупно гласачи | | | | 2538* |
| III. 16. Во колку случаи беше забележана појава на групно/семејно гласање? Вкупен број на случаи | | | | 3113* |
| III. 16. Во колку случаи беше забележана појава на групно/семејно гласање? Вкупно гласачи | | | | 6411* |
| III. 17. Во колку случаи беше забележана појава на гласање за друг? Вкупен број на случаи | | | | 521* |
| III. 17. Во колку случаи беше забележана појава на гласање за друг? Вкупно гласачи | | | | 610* |
| III. 18. Во колку случаи едно лице гласаше повеќе пати? Вкупен број на случаи | | | | 299* |
| III. 18. Во колку случаи едно лице гласаше повеќе пати? Вкупно гласачи | | | | 621* |
| III. 19. Колку пати гласањето беше прекинувано? | | | | 30* |
| | ДА | | НЕ | |
| III. 20. Дали гласањето беше прекинато повеќе од 3 часа? | 21 | 0,92% | 2251 | 99,08% |
| III. 21. Дали гласањето заврши во 19 часот? | 2100 | 92,43% | 172 | 7,57% |
| III. 22. Колку гласачи имаше пред гласачкото место во 19 часот? | | | | 769* |
| | ДА | | НЕ | |
| III. 23. Дали на затекнатите гласачи им беше дозволено да гласаат? | 761 | 98,96% | 8 | 1,04% |
| III. 24. Дали имавте притисок од други лица при извршување на вашата работа како набљудувачи? | 10 | 0,44% | 2262 | 99,56% |
| III. 25. Дали избирачкото место беше набљудувано од мобилен тим на МОСТ? | 1282 | 56,43% | 990 | 43,57% |
| | | | | |
| ***IV. ПРОЦЕДУРА НА БРОЕЊЕ*** | | | | |
| IV. 1. Колку членови на ИО беа присутни на броењето? (бројка) | | | | 14682* |
| IV. 2. Колку набљудувачи беа присутни на броењето? (бројка) | | | | 13631* |
| | ДА | | НЕ | |
| IV. 3. Дали беа заведени имињата на сите присутни за време на броењето? | 1934 | 85,12% | 338 | 14,88% |
| IV. 4. Дали беше откинат долниот десен агол на неискористените ливчиња пред пребројувањето? | 2003 | 88,16% | 269 | 11,84% |
| IV. 5. Дали неискористените гласачки ливчиња беа сместени во посебен плик пред отворањето на гласачката кутија? | 1878 | 82,66% | 394 | 17,34% |
| IV. 6. Дали беше запазена процедурата на отворање на гласачката кутија? | 2109 | 92,83% | 163 | 7,17% |
| IV. 7. Дали при пребројувањето се појави ливче со број од друго гласачко место? | 41 | 1,80% | 2231 | 98,20% |
| IV. 8. Дали беше запазена процедурата на броење на гласовите? | 2091 | 92,03% | 181 | 7,97% |
| IV. 9. Колку забелешки имаше? | | | | 739* |
| IV. 10. Колку забелешки беа прифатени и запишани во записникот? | | | | 456* |
| IV. 11. Колку членови на ИО го потпишаа записникот? (бројка) | | | | 9511* |
| | ДА | | НЕ | |
| IV. 13. Дали беше запазена процедурата на пакување на изборниот материјал пред неговото транспортирање? | 2045 | 90,01% | 227 | 9,99% |
| IV. 14. Дали присуствувавте на транспортирањето на изборниот материјал до ОИК? | 514 | 22,62% | 1758 | 77,38% |

*** Бројката го одразува вкупниот збир на податоци добиени од сите набљудувани избирачки места.**

МОСТ
Граѓанска Асоцијација
ул. Стрезово, бр.7
1000 Скопје, Р Македонија

www.most.org.mk
e-mail: most@most.org.mk